# Употреби, направи, одложи!



Февруари, 2020

Новинари за човекови права
Подготвил: Ф.Спировски

# Употреби, направи, одложи!

**Издавач: Новинари за човекови права**
**Ул. Венијамин Мачуковски 2А-3/16 Скопје**
**Електронска пошта: detstvo@detstvo.org.mk**
**Подготвил: Филип Спировски**
**Графичка обработка: Каракиров ДОО**
**Лектура: Стојан Спировски**

**Печати: Некст Принт**
**Тираж: 500 примероци**

**Скопје, Февруари 2020**

**ISBN: 978-9989-881-97-8**

**Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка од Европската унија. Содржината на публикацијата е одговорност единствено на Здружението за креативен развој Слап и на Еко-свест и под никакви услови не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската унија.**

**ЦИРКУЛАРНА ЕКОНОМИЈА ЗА МЛАДИНСКИ ПРОСПЕРИТЕТ**

# Вовед

**Грижата за животната средина може значително да придонесе за економски раст, да го зголеми квалитетот на животот и стандардот на граѓаните и има директно влијание врз зачувување и создавање нови работните места. Во изминатите години создавањето на зелени работни места ја докажува нашата еколошка свест.**

**Транзицијата кон декорбонизирана економија не е од суштинско значење само за запирање на климатските промени, туку е и двигател на економскиот раст со потенцијал за создавање зелени работни места насочени директно кон заштита на животната средина или кои бараат да се минимизираат влијанието врз здравјето на планетата.**

**Според Извештајот за 2019 година за празнината на емисиите објавен од Организацијата на Обединетите нации (ООН), глобалните емисии на стакленички гасови мора да се намалат за 7,6% на годишно ниво меѓу 2020 и 2030 година за да се постигне целта на Парискиот договор за ограничување на глобалното затоплување на 1,5°C или 2,7% на годишно ниво за да се ограничи на 2°C. Дури и ако се исполнат сите заложби на Договорот, продолжува извештајот, температурите ќе се зголемат за 3,2°C до крајот на векот, со зголемена фреквенција и интензитет на климатските феномени што ја уништија планетата во последните години.**

**Со оглед на ситуацијата, човештвото треба да ја забрза транзицијата кон декорбонизирана економија која ја почитува животната средина. Ваквата транзиција не само што има потенцијал да ги запре климатските промени, туку и да стане вистински двигател на растот со создавање бројни зелени работни места во голем број сектори, нешто што се случува во последните неколку години во богатите и новите економии .**

**Кружната економија, која вклучува повторна употреба, поправка или рециклирање, зголемување на одржливо производство и потрошувачка, исто така ќе создаде зелени работни места. Како и за намалување на отпадот, кружната економија ќе заштеди енергија и ќе придонесе за спречување на неповратно оштетување во однос на климата, биолошката разновидност и загадувањето на воздухот, земјата и водата предизвикани од нашето**

**искористување на ресурсите со брзина побрзо отколку што планетата може да ги замени.**

**Постојат повеќе дефиниции за кружната или зеланата економија но на крајот сите се сведуваат на тоа да се намали отпадот. Според Европската еколошка агенција, циркуларната економија е алтернатива на традиционалната линеарна економија во која се користат ресурсите што е можно подолго, со цел максимално да се искористи нивната вредност, преку обновување, реупотреба, регенерирање или рециклирање на материјалите на крајот од животниот век на производите[1].**

**Ellen Macarthur Foundation, пак, во своите фајлови за циркуларната економија има запишано:**

**„Одејки понатаму од сегашниот екстрактивен индустриски модел, циркуларната економија се базира на регенеративен кружен модел, кој гради економски, природен и општествен капитал. Потпирајќи се на иновацијата низ целиот систем, таа има за цел да ги редефинира производите и услугите преку дизајнирање без отпад, истовремено минимизирајќи ги негативните влијанија. Базира на три основни принципи:**

- **Дизајн без отпад и загадување**
- **Задржување на производи и материјали во употреба**
- **Регенерирање на природните системи„2**
  **Но, кога се говори за кружнаат економија, рпичина и последоците не смее да се заборави на трендовите3 на развој на светско ниво:**
- **Пораст на населението во текот на 20-ти век, за 4 пати**
- **Економски раст изразен преку зголемување на обртот за 40 пати**
- **Потрошувачката на фосилни горива од почетокот на 20-ти век, зголемена за 16 пати Природни ресурси екстрахирани и искористени во 2015 - 80 милијарди t / year**
- **Согласно растот на популацијата, до 2050 – до 180 милијарди t/ year**

[1] Source: European Environmental Agency

[2] Source: Ellen Macarthur Foundation

[3] UNEP (2017) Resource Efficiency: Potential and Economic Implications: www.resourcepanel.org/file/312/download?token=gM4QyNY1

EU (2017) Roadmap to a resource efficient Europe: www.eur-lex.europa.eu/legal-content

- **Жител на Европа користи 16 t материјали годишно, од каде 6 t отпад, ½ завршуваат на депонии.**
- **Просечно, Европјаните користат ресурси двојно повеќе (x2), отколку што планетата Земја може да обнови.**
- **Согласно UN FAO, околу 25% од земјиштето е деградирано или е во процес на деградација.**
- **Ефикасно користење на ресурсите може да ја редуцура потребата од материјали во ЕУ за 17-24%, што би го зголемило GDP на 3,3% и нови 1,5-2 мил работни места.**

# Корисни поими и дефиниции

**Зелена економија е онаа што генерира зголемен просперитет додека ги одржува природните системи што нè одржуваат (ЕЕА). Зелената економија има за цел намалување на еколошките ризици и еколошките недостатоци и промовира одржлив развој без деградирање на животната средина. За да биде зелена, економијата мора да биде ефикасна но исто така и фер со признавање на димензиите на капиталот на глобално ниво, особено во обезбедување праведна транзиција кон економија која е со малку јаглерод, со ефикасно искористување на ресурсите и е социјално инклузивна (УНЕП).**
**Кога се говори за Одржливиот развој треба да се има предвид дека овој феномен има за цел да ги задоволи потребите на сегашните генерации и да овозможи да уживаат во подобар квалитет на животот, притоа да не ја компромитираат можноста на идните генерации да ги задоволуваат потребите и да го загрозуваат нивниот квалтет на живот. Станува збор за меѓусекторски феномен кој има еднакво влијание во животната средина, во општеството и во економијата. За животната средина ова се однесува на ефикасна употреба на ресурсите и на енергијата. За општеството има влијание во правичноста, социјалното вклучување, одржливите заедници и личната благосостојба. Кога се говори за економијата и одржливиот развој се мисли на оддржливост, иновации, продуктивност и висок степен на вработување.**




# Потрошувачка на природни ресурси и деградација на екосистемот

**Со воздржување од фрлање на користени производи, компоненти и материјали и наместо тоа, нивно пренасочување во синџирот на вредности, можеме да создадеме општество со здрава економија инспирирано од природата и во рамнотежа со неа.**

**Треба да се знае дека секој производ има свој животен циклус и животен век. Животниот циклус на производот има неколку чекори или LCA (Life cycle assessment) во смисла на кружната (циркуларна) економија:**

**- Производство**

**- Дистрибуција**

**- Употреба/Поправка/Реупотреба**

**- Рециклирање**

**- Повторно враќање во животниот циклус**




**За животниот век е важно:**

**1 – Кога сопственикот ќе воочи дека трошоците за одржување и поправки се премногу високи во споредба со вкупната вредност на тој производ или**

**2 - Кога производот е технолошки надминат.**

**Прашање е што со производот кога е на крај од својот животен век или кога треба да се „фрли“. Зелената економија прифаќа и развива неколку стратегии, и тоа:**

**1. Повторна употреба на употребуваните производи**
**2. Реконструкција на употребуваните производи**
**3. Користење на употребуваните производи за резервни делови**
**4. Рециклирање со демонтирање**
**5. Рециклирање без демонтирање**
**6. Депонирање на употребените производи**

**Кога се говори за крајот на животниот век неопходно е да се разликуваат неколку поими поврзани со оваа терминологија:**
**Одржлив развој (Sustainable Development) Платформа на UN, Agenda 92**
**Кружна (циркуларна) економија (Circular Economy)**
**Зелена логистика (Green Logistics)**
**Реверзибилна логистика (Reversible Logistics)**
**Чисто производство (Cleaner Production)**
**Одржливо производство (Sustainable Production)**
**Еколошки дизајн (Eco-Design)**
**Еколошка иновација (Eco-Innovation)**

# За зелените работни места и како до нив?

**Зелените работни места вклучуваат производство на стоки и услуги кои спречуваат, ограничуваат, минимизираат или корегираат штети врз животната средина, водата, воздухот и почвата, како и проблеми поврзани со отпад, бучава и екосистеми.**

- **Според Европската комисија, повеќе од 20 милиони работни места во Европа се поврзани со животната средина.**
- **Еко-индустријата расте со стапка 3 пати поголема од просечниот економски раст.**
- **Секоја 50-та работа во Европа е зелена, а за 10 години овој број ќе се зголеми двојно.**
- **Работните места во иднина се поврзани со зелени работни места.**

**Зелените работни места во земјоделството, производството, истражувањето и развојот, административните и услужните активности, значајно придонесуваат за зачувување или обновување на квалитетот на животната средина. Ова вклучува работни места за:**

- заштита на екосистемите и биодиверзитетот;

- намалување на потрошувачката на енергија, материјали и вода преку висока ефикасност;
- де-карбонизирање на економијата;
- минимизирање или целосно избегнување на сите форми на отпад и загадување (УНЕП).

**Пристојни работни места кои придонесуваат за зачувување или обновување на животната средина, без разлика дали се во нив вклучени традиционалните сектори како што се производство и градежништво или во нови, зелени сектори како што се обновлива енергија и енергетска ефикасност. Зелените работни места помагаат за:**

- подобрување на ефикасноста на енергијата и суровините;
- ограничување на емисиите на стакленички гасови;
- минимизирање на отпадот и загадувањето;
- заштита и обновување на екосистемите;
- поддршка на прилагодување кон ефектите на климатските промени.[4]

# Аргументи и факти за поддршка на зелената економија

**Зелената економија е во создавањето подобар, посреќен живот, а не поголем профит и потрошувачка. Пари, храна, вода, енергија и други материјални ресурси се ограничен ресурс. Побарувачката за благосостојба и среќа е, неограничена. Познато е дека има области и сектори каде што постои зелена економија, поврзана не само со приход, плати и БДП, туку и со благосостојба и среќа. За да се постигне подобар квалитет на животот, треба да се прекине со зависноста на општеството од парадигмата за економски „раст по секоја цена“, фосилни горива и прекумерна потрошувачка. Заедничката визија за одржлива и поубава иднина се фокусира на благосостојбата на целиот живот.[5]**

[4] Дефиниција според Меѓународната организација на трудот

[5] Извор: (Роберт Костанца 2017)

# Зелената економија создава работни места

**Она за што псотојано се говори последниве години е дека зелената економија сосздава нови работни места, познати како зелени или позеленети работно места. Информациите во однос на ова прашање говорат за:**

- **200,000 нови работни места во Европа до 2030 година во индустријата за сортирање и рециклирање, (според ЕК).**
- **1.155.000 работни места создадени од глобалната индустрија за ветер (до 2016),**
- **9,8 милиони луѓе веќе вработени во секторот за обновлива енергија за една год.**
- **240,000 луѓе вработени во индустријата за ветер во ЕУ во 2011 година, со 30%**

  **пораст од 2007 г. и покрај невработеноста која порасна за 9,6% во ЕУ.**
- **9,8 милиони фунти беа регистрирани на глобално ниво во секторот за обновлива енергија во 2016 година6 (ИРЕНА).**

**Со спроведување на мерките за енергетска ефикасност во зградите и со воведување на нискојаглеродни технологии за снабдување со енергија (обновливи извори и гас), околу 6.000 зелени работни места може да се отворат во Северна Македонија до 2030 година [7]. Она што е исто интересно е дека зелената економија се плаќа подобро. Работните места за чиста економија во САД имаат поголеми плати во однос на другите работни места. Колку за илустрација во 2015 година, просечната плата за работа во „чистата“ економија изнесувала 62.089 УСД, додека  за работно место во друг сектор годишната плата изнесувала 52.942 УСД . [8].**

# Зелената економија заштедува ресурси

**Познато е дека со имплементација на кружната екомомија се заштедуваат ресурсите. Најчест пример кој се нарекува школски пример е рециклирање на пластика. Со тоа се помага, на пример,  да се намали европската зависност од увезено фосилно гориво и намалување на емисиите на CO2, а што е во согласност со обврските според Парискиот договор.  Само колку за илустрација се создаваат околу 26 милиони тони пластичен отпад во ЕУ секоја година. Но, помалку од 30% од ваквиот отпад се собира за рециклирање, 31% на пластичен отпад оди на депонии и 39% се согорува. Пластичниот отпад од европски извори завршува во ранливи морски области - Средоземното Море и Арктикот. Годишната загуба од отпад од пластично пакување е помеѓу 70 и 105 милијарди евра. Се проценува дека  5% од вредноста на пластичниот материјал користен за пакување останува во економијата; остатокот се губи за многу кратко време по употреба.**
**Но, последниве години со развојот на идејата за кружната економија се проширува и пазарот за рециклирана и иновативна пластика, воспоставувајќи успешни и јасни перспективи на раст како и вклучување на амбалажа што се рециклира. Побарувачката за рециклирана пластика во Европа се зголеми за четири пати, обезбедувајќи стабилен проток на приходи за секторот за рециклирање и безбедност за нејзината растечка работна сила.**
**Зелените работни места се мошне барани и во зелената енергија. Само колку за пример: ветерна електрана од 10 MW може да се изгради за два месеци. Поголема ветерница од 50 MW може да се изгради за шест месеци. Од друга страна, пак, зграда на нуклеарна централа од 1000 MW еднаква на дваесет 50 MW ветерни фарми) трае помеѓу осум и 15 години.**
**Во Северна Македонија, инвестирањето во „зелен туризам“ може да ги намали трошоците за енергија, вода и отпад и подобрување на вредноста на биодиверзитетот, екосистемите и културното наследство. Значајните придобивки од животната средина вклучуваат намалување на потрошувачка на вода (18%), употреба на енергија (44%) и емисии на CO2 (52%).**

---

[6] Извор: (ИРЕНА)

[7] Извор: Балкански зелени енергетски вести

[8] Извор: УИЦ

# Зелената економија заработува пари

**Обновливата енергија е поевтина, полесно се добива и е профитабилна. Брзото темпо на развој на сончевата индустрија го прави најбрзо растечки енергетски ресурс во светот. Производството на сончева енергија е најевтино.  Цената на сончевата енергија паѓа, додека цената на електричната енергија продолжува постепено да расте. Сопствениците на куќи со сончева енергија во САД сметаат дека помеѓу пет и осум години ќе ја вратат инвестиција, а се проценува дека овие сопственици на куќи ќе заштедат над 20.000 УСД за период од пет до десет години. Во Бугарија, и покрај бирократијата и отпорот на креирање политики против фосилните и нуклеарните сектори, многу индивидуални сопственици на куќи ја минимизираат својата потрошувачка, произведуваат сопствена соларна енергија и ја продаваат назад во мрежата.**

# Северна Македонија и зелената економија

**„Позеленувањето на една компанија или индустрија не е еднократна акција, туку континуиран процес на радикални промени што доведуваат до подобрување на перформансите. Условите што го промовираат зазеленувањето на индустријата не можат да се постигнат со единствен политички инструмент. Сите индустрии, без оглед на секторот, големината или локацијата, континуирано ги зголемуваат нивните еколошки перформанси. Ова вклучува заложба за намалување на влијанијата врз животната средина на процесите и производите со поефикасно користење на ресурсите, укинување на токсични материи, замена на фосилни горива со обновливи извори на енергија, надградба на индустријата за дигиталното доба, низок-јаглерод, иновации, инвестиции и интернационализација. Во Националната програма за конкурентност, иновации и претприемништво, Министерството за економија ги поддржува компаниите да развиваат проекти за проценка на компанијата и воведување на концептот на циркуларна економија, гледајќи го целиот животен циклус на производи, намалување на отпадот и современо управување со отпад**

**и рециклирање. Во оваа смисла, започнавме да организираме активности за подигање на свеста и градење на капацитети за промовирање на зелената економија. Намерата е подобро да се разберат предизвиците и важноста од воведување на новиот концепт во функционирањето на сите нивоа, почнувајќи од самите компании" – (Изјава на министерот за економија Крешник Бектеши во видео - обраќање на светскиот форум за циркуларна економија на тема „Промовирање на циркуларноста во економиите во транзиција: Улогата на трговијата и економската соработка" која се одржа во организација на Економската комисија за Европа во рамките на Обединетите Нации (UNECE)).**

**Инвестициите во трансформација на зелена економија и зелена енергија се клучни приоритети на Северна Македонија. И покрај економската криза предизвикана од пандемијата, се вложуваат максимални напори за зголемување и промовирање на циркуларната економија во земјата што ќе придонесе за поодржливо користење на ресурсите, за поодржливо производство, поодржлива потрошувачка и подобро управување со отпадот.**

**Во делот на енергетиката, Северна Македонија презема важни чекори за производство на електрична енергија од обновливи извори со цел да се намали зависноста од емисиите на стакленички гасови.**

**Националниот план за енергија и клима 2021-2030, предвидува усвојување на петте димензии на Енергетската унија, односно декарбонизација, енергетска ефикасност, безбедност на снабдување со енергија, внатрешен пазар на енергија и истражување, иновации и конкурентност. Во овој план се предложени околу 63 специфични политики и мерки за да се постигнат утврдени цели за секоја од петте димензии. Една од клучните цели на Министерството за економија е постепено затворање на електраните на јаглен и забрзување на употребата на обновливи извори за производство на електрична енергија во комбинација со енергетска ефикасност.**

**Северна Македонија веќе го ратификуваше Парискиот климатки договор, придонесувајќи во глобалните напори да се намалат емисиите на стакленички гасови предизвикани од согорувањето на фосилни горива за 30%, што е тенденција за 36% повисоко, до 2030 година. Минатиот месец, за време на Самитот на Западен Балкан, регионот ја усвои Декларацијата за зелената агенда. Со ова, регионот се обврзува да следи процес на транзиција од линеарна во**

циркуларна економија, потполно свесни за потребата од систем за истражување и иновации за поддршка на оваа транзиција, како дел од заедничкиот регионален пазар. Следниот чекор е подготовка на Акционен план со патокази за спроведување на оваа Декларација за зелената агенда и воспоставување на ефективен и ефикасен систем за следење.

# Визионерите ги преместуваат своите инвестиции во зелената економија

Инсталираниот капацитет за обновување на производството на енергија на глобално ниво е во постојан пораст. Вредноста на средствата претставени од институции и поединци кои се обврзуваат на некој вид од дивестицијата од компаниите со фосилни горива достигна 5 трилиони долари до декември 2016 година.

Пензиските фондови и осигурителните компании сега претставуваат сектори со најголема обврска за дивестирање, како одраз на зголемени финансиски и доверителски ризици од задржување на фосилни горива.

Сектори во кои зелената економија покажува најголеми успеси се:

Земјоделството

Зелената енергија

Транспортот

Зелените инвестиции

Зелената архитектура

Транспортот

Управување со отпад

Управување со вода

Управување со земја

Пошумувањето

Здравата храна е дел од зелената економија. Пазарите за зелена храна се една од најбараните компании низ Европа. Низ ЕУ во 2011 година, 9,6 милиони хектари беа одгледувани како органски од 5,7 милиони во 2002 година.

**Областите што се одгледуваат органски во ЕУ се зголемија за околу 500.000 хектари годишно во текот на изминатата деценија. Новите членки на ЕУ од 2004 година придонесоа за брзо проширување на органскиот сектор со регистрирање на годишна стапка на раст од 13% и бројот на имоти се зголеми за десет пати во периодот од 2003 до 2010 г. [9] Зелената економија ја штити природата и ги спречува климатските промени. Во 2016 година, со помош на ветерниците избегнати се над 637 милиони тони емисии на CO2 на глобално ниво. Фармите со ветерна енергија генерираат помеѓу 17 и 39 пати повеќе енергија отколку што трошат, во споредба со 16 пати за нуклеарни централи и 11 пати за постројки за јаглен.**

**Се повеќе компании за управување со отпад отвораат свои подружници или сателит компании за производство на уметнички дела од отпадот. А голем дел од компаниите размислуваат што да направат со отпадот што самите го произведуваат. Индустријата на играчки која една од трите во кои има најмногу пари се соочуваат со голем проблем и сега бараат разни начини како да се спараат со отпадот што го произведуваат. Вредноста на пазарот за играчки надмина 90 милијарди долари минатата година, а се проценува дека 80 проценти ќе завршат на депонии и во согорувачи. Повеќе од 40 милиони играчки во Франција се фрлаат секоја година, додека во Велика Британија скоро третина од родителите признаваат дека фрлале играчки во добра состојба затоа што нивните деца изгубиле интерес. Многу производители на играчки најавија промена кон еколошки, кружен бизнис што вклучува редизајн на играчките, но и промовирање на повторната употреба. За огромната количина на играчки што веќе постојат, овој модел е најдобриот начин да се спречи загадувањето.**

***Колку за илустрација, познатиот производител на играчки „Лего“ започна пилот иницијатива во Америка, со која ги охрабрува сопствениците да донираат користени лего-коцки на детски институции. Според компанијата, 97 проценти од нивните коцки се пренесуваат од генерација на генерација на пријатели и семејство. Компанијата има намера овој процент да го зголемува!***

[9] **Извор: (ЕУ-Н12).**

*- Ние сакаме да помогнеме во изградбата на подобра планета за идните генерации и знаеме дека циркуларната економија е дел од тој пат. Целта на иницијативата Lego Replay е да ги инспирира сопствениците да даваат коцки што не ги користат, вели Тим Брукс, потпретседател на еколошка одговорност.*[10]

# Ризици и недостатоци

**Подгответе се за критика на негативните несакани ефекти - Зелената економија треба да работи за сите!**

| КОНТРА АРГУМЕНТ | ПРЕДЛОГ ОДГОВОР |
|---|---|
| Зелената економија има и еколошки отпечаток. Дигиталната економија, интернет, електромобили, батерии итн. имаат свои еколошки и социјални отпечатоци. | Вистина. Сопствениот отпечаток на животната средина треба да се минимизира со сите постојни технолошки и регулаторни средства. Но, дури и што е уште поважно, зелената економија е избор на одржливи алтернативи, не само замена на технологиите. На пр. промена кон колективен железнички транспорт и давање приоритет на велосипедисти и пешаци во урбанистичко планирање отколку замена на дизел автомобили со електрични и градење повеќе патишта. |

[10] Извор: https://text.mk/%d0%be%d0%b4-%d1%81%d1%82%d0%b0%d1%80%d0%b0-%d0%b2%d0%be%d0%bb%d0%bd%d0%b8%d1%86%d0%b0-%d0%b4%d0%be-%d0%b5%d0%ba%d0%be%d0%bb%d0%be%d1%88%d0%ba%d0%b8-%d0%b1%d0%b5%d0%b7%d0%b1%d0%b5%d0%b4%d0%bd%d0%b8/

| | |
|---|---|
| Иновациите носат добивки, но и загуби.<br>Одредени иновации носат загуби за луѓето и заедниците. Примерите вклучуваат:<br>- загуби на работни места во традицио-нални професии;<br>- локално мали и средни бизниси кои губат пазари;<br>- намалување на даночните приходи на локалните и националните власти;<br>- поскапи „позелени“алтернативи; дигитализација на комуникациите со јавноста / клиентот; и исклучување на маргинализирани групи/региони кои се оставени да ја вршат „валканата работа“. | Вистина. Зелената економија треба да ја работи секој: ранливите групи и оние со ниски примања треба да бидат вклучени со сигурност.<br>Со оваа намера, зелените алтернативи треба да се направат достапни и конкурентни, користејќи пазарни механизми, субвенции и регулативи. |

| КОНТРА АРГУМЕНТ | ПРЕДЛОГ ОДГОВОР |
|---|---|
| Потребна е фосилна и нуклеарна енергија да се обезбеди снабдување со електрична енергија кога сонцето не грее или ветерот не дува | Лага!<br>Во 2016 година, Данска и Германија успејаа да произведат доволна количина на енергија од ветерници .Клучната лекција за интегрирање на променли-вото обновливо производство е да се обезбеди максимална |

| | |
|---|---|
| | **флексибилност во електроенергетскиот систем.** |
| **Зелените работни места ги намалуваат платите од „класичните“ работни места и ја поткопуваат конкурентноста на „валканите“ индустрии дома или во странство.** | **Лага!**<br>**Да се биде конкурентен значи да се биде позелен и попаметен. Квалификувани, образовани работници во секторите на зелена економија овозможуваат подобрување на конкурентноста. Не позеленувањето на економијата ги држи луѓето и компа-ниите во заложништво на неодржливите, застарени технологии и нездравиот начин на живот.** |

# Практични совети за комуникатори и активисти за популаризација

**Доколку кружната економија има тенденција да „владее со светот“ за неа треба секој да дознае. Неопходна е проактивна двонасочна комуникација. Да не забораваме дека зелената економија е ново прашање и неоткриено поле на можности. Затоа е неопходна итна и активна промоција меѓу сите нивоа на општеството и донесувачите на одлуки.**
**Потребно е да се дејствува локално! Инспирирајте ја секоја заедница со достижно подобрување што ќе чини помалку и ќе генерира повеќе работни места по единица инвестиција отколку вообичаено. Опциите за такви проекти вклучуваат:**

**1. Кружно земјоделство (подобрување на ефикасноста на наводнување, складирање, употреба на машини; претворање на остатоци во биоенергија и биоматеријали).**
**2. Подобрување на енергетската ефикасност на јавните и на приватните згради (болници, училишта, куќи и сл.) како и кај апаратите за домаќинство.**
**3. „Урбано рударство“: Собирање и обновување на комуналниот отпад (биогас, сѐ уште употребливи материјали).**
**4. Обнова и рециклирање на електронски отпад и опрема (компјутери, батерии, телефони, апарати за домаќинство).**

5. Конвертирање на користеното масло за јадење во биодизел.
6. Третман на отпадни води (обновување на вода, енергија и материјали).
7. Спроведување на масовен транспорт наместо приватен превоз со автомобили, за патници и за товарен сообраќај.
8. Враќање и рециклирање на градежни материјали и материјали за патишта.
9. Стандардизација и сертификација (ISO 9001, 14001, 50001) на процесите и системите.
10. Промовирање на градење на капацитети.

Промовирајте зелена економија како подобар начин за заработка. Економското сметководство не е доволно. Природниот капитал и услугите на екосистемот секогаш мора да бидат вклучени во сметководството.

ЕУ за ТЕБЕ
Проектот „Зелена економија за развој на регионот" го имплементира Еко-свест во партнерство со FORS Montenegro, Smart kolektiv, EDEN Center, Center for Development and Support и Association SLAP. Проектот е финансиран од Европската Унија. Содржината на овој документ е одговорност исклучиво на авторот и во ниеден случај не може да се смета дека ги отсликува ставовите на Европската Унија.